**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 11. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5444 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Шестиот десетдневен период, од 22 до 31 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот од 20 часот, на ТВ 24 Вести, со вкупно

времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 28 минути и 21 секунда, составен од прилози од претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 Вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:12:27 | 4,64 | % |
| Влада на РМ | 00:29:49 | 11,11 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:11:06 | 4,14 | % |
| Демократски сојуз | 00:04:15 | 1,58 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:22:36 | 8,42 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:33 | 2,07 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:53 | 3,68 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:23 | 2,75 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:04 | 1,52 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:18:32 | 6,91 | % |
| СДСМ | 00:10:25 | 3,88 | % |
| Без субјекти | 00:21:25 | 7,98 | % |
| Други субјекти | 00:41:41 | 15,53 | % |
| Граѓански сектор | 00:18:40 | 6,96 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:49 | 0,30 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:22 | 1,63 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:28 | 0,17 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:28 | 0,17 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:28 | 0,17 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:15:20 | 5,71 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:02:20 | 0,87 | % |
| Јавно обвинителство | 00:05:33 | 2,07 | % |
| Судство | 00:07:31 | 2,80 | % |
| Унитети | 00:01:46 | 0,66 | % |
| Левица | 00:01:03 | 0,39 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:49 | 0,30 | % |
| ДЕМОС | 00:00:28 | 0,17 | % |
| МОРО - Работничка партија | 00:00:36 | 0,22 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:36 | 0,22 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:52 | 0,70 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:08 | 0,42 | % |
| Привремена комисија | 00:01:03 | 0,39 | % |
| Форум на слободоумни патриоти | 00:00:42 | 0,26 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:21 | 0,50 | % |
| Беса | 00:01:49 | 0,68 | % |
| | **Вкупно: 04:28:21** | **100** | % |

Најмногу време во вестите е одвоено за категориите *„Други субјекти", „Влада на РМ", „Експерти/аналитичари", „Без субјекти", „Граѓански сектор"* и *„Органи на државната управа/јавни претпријатија"*.

Во овој извештаен период под категоријата *„Други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Слободан Богоевски, поранешен директор на УБК; Љубомир Чадиковски, основач на Театарот за деца и младинци; Душко Илиевски, млекар; Никола Димитров, поранешен амбасадор; порталот Фактор, Фијат Цановски, бизнисмен; Билјана Пеева Ѓуриќ, Стопанска комора на Македонија; Оне-Вип; Македонски Телеком; Сеат Кочан, бизнисмен; Неби Хоџа, претседател на Комората на Северозападна Македонија; Азис Положани, ректор на Универзитетот „Мајка Тереза"; НБРМ; Антонио Аргир, директор на НЛБ; Катерина Тодоровска, поранешен претседател на Управниот совет на Институтот за историја; Витомир Мицев, невропсихијатар; Стевче Стевовски, поранешен инспектор во СВР Охрид; Валентин Зафиров, адвокат; Милица Арнаудова Стојановска, НБРМ; Коста Митровски, претседател на Здружението на банкари; Живко Мукаетов, генерален директор на Алкалоид и др. Оваа категорија е застапена со 41 минута и 41 секунда.

Владата на Република Македонија со 29 минути и 49 секунди е присутна преку следниве теми: „Во УБК нема истражители на СЈО поради тајноста, за доказите гарантира МВР"; Изјава на премиерот Емил Димитриев за политичката криза; „Груевски не бил поканет во Мастрихт, поканет бил само Димитриев"; соопштение од Ериксон – „Произведуваме, но ниту сме сопственици, ниту оперираме со опремата"; „Заострена грчката реторика против употребата на уставното име на Република Македонија", одговор од МНР со пренесена изјава од министерот Никола Попоски; „Повредени полицајци на натпреварот Брегалница – Пелистер"; „Може ли да ги снема доказите од УБК додека СЈО чека експерт?"; „Извршување на буџетот"; „Предизборието почна: Дали и притисоците врз администрацијата?"; „Реален или напредок само на хартија, што мери Дуинг Бизнис на Светска Банка?"; „(Не)одржливост на државниот пензиски фонд" – со изјава од министерот за финансии Кирил Миноски; „Механизацијата на Трансмет е веќе на терен, јавноста бара транспарентност" - пренесено соопштение од Министерството за транспорт и врски; изјава на министерот за надворешни работи, Никола Попоски; изјава на министерот за економија, Дритон Кучи; изјава на министерот за образование Пиштар Љутвиу; изјава на министерката за култура Елизабета Канческа Милеска - „Продолжува политичкиот театар на СЈО"; „Спасов удрил автомобил, а потоа и избегал на полицијата"; „Ревизорите открија низа финансиски неправилности во Институтот за историја" – пренесено соопштение од Министерството за образование и наука; „Диме Спасов поднел пријава дека наводно го бркале неколку лица"; „Кривични пријави за поранешни началници во Охрид"; Соопштение од АВРМ – „Се е законски со нашите возила"; „Судот не го зеде пасошот на министерката Канческа Милевска" – изјава на министерката; информација од Министерството за финансии – „Јавниот долг изнесува 50.6% од БДП"; реакција/одговор на министерството за финансиии за реакцијата на дополнителниот заменик министер Кире Наумов – „Манипулација е тезата дека сме презадолжени"; Пренесено соопштение од МЗШВ како реакција на прес конференцијата на дополнителниот заменик министер Љупчо Николовски и др.

За категоријата *„Експерти/аналитичари"* се одвоени 22 минути и 36 секунди. Нивни изјави се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјави на повеќе универзитетски професори: Гордана Бужаровска, Лазар Нунев, Владимир Пивоваров, Мирослав Грчев, Ванчо Узунов, Игор Ивановски, Осман Кадриу, Маја Героска Митев, Илија Ацески, Ристо Солунчев, потоа на Јован Трпеновски, поранешен јавен обвинител; Стамен Филипов, правник; Слаѓана Тасева, поранешен антикорупционер; Петар Арсовски, аналитичар; Александар Даштевски, аналитичар; Игор Трајковски, поранешен професор на ФИНКИ; Маркус Милер, експерт од Германија; Слаѓана Милутиновиќ, директор на ГС1 Македонија; Ариф Муса, поранешен антикорупционер; Миле Јованов, претседател на Здружението на информатичари; Алберт Муслиу, аналитичар и др.

Со застапеност од 21 минута и 45 секунди е методолошката категорија *„Без субјекти"* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани поврзани со различни теми: „84-та недела протести пред Регулаторна комисија за енергетика", „Се намалуваат површините под житарици во

струмичко", „Македонија се иселува, Охрид лидер по бројот на млади што заминуваат", „Ретро", „Празни предизборни ветувања ги налутија мештаните на велешкото село Сливник", „Работниците на велешка Колска протестираат во Скопје", „Стечајните работници од скопска Алумина протестираат пред Влада", „24 Вести сторија – Заборавен од државата", „24 Сторија – Енвер на приоритетната листа за добивање стан", „Вакцините со доцнење, грипосаните со зголемен број", „Почнува зимското сметање на времето", „Учениците во велешкиот интернат се жалат на квалитетот на храната", „Две момчиња со тешки повреди при судар на мотор и автомобил" и др.

За *„Граѓанскиот сектор"* се одвоени 18 минути и 40 секунди, а во категоријата се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на: Михаил Мицев, претседател на угостителското Здружение „Охридски Еснаф"; НО „Аналитика"; Страшо Олумчев, основач на добротворното противпожарно друштво; Слободан Димитриевски, претседател на синдикатот во Колска; Бојан Маричиќ, МЦЕО; Симона Кацарска, ЕПИ; Хелсиншкиот комитет; Драган Додевски, Љуми Бекири, Павле Богоевски и Влатко Васиљ, граѓански активисти; Александра Филипова, младински активист; Ивона Крстевска, Национален младински совет; Дарко Алексов, Мост; Петрит Сарачини, Цивил; Ристо Ајтов, претседател на синдикатот за одбрана; Аријанит Џафери, Еко Герила и др.

Категоријата Органи на државната управа/јавни претпријатија е застапена со 18 минути и 32 секунди, преку активностите на: ЕЛЕМ; ПИОМ; Биро за јавни набавки; Клиника за неврохирургија; Институт за јавно здравство; Институт за историја; АВРМ; Државниот градежен инспекторат и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО Народна партија (15 минути и 20 секунди), СДСМ (10 минути и 25 секунди) и за ВМРО ДПМНЕ (7 минути и 23 секунди). Покрај нив како субјекти во вестите се појавуваат уште 15 политички субјекти (ДС, ДУИ, СПМ, ГРОМ, ДПСМ, ОМ, Левица, ФРОДЕМ, ДЕМОС, МОРО, ППД, ДПА, Форум на слободоумни патриоти, Коалиција за промени и правда и Беса).

Централна тема на ТВ 24 Вести овој мониториран период беше истрагата на СЈО во УБК. Темата беше обработена преку повеќе прилози неколку денови по ред. Освен проследување на сите информации од СЈО и од МВР во текот на истрагата, во неколку прилози во Дневникот, но и во дебатните емисии, телевизијата го пренесуваше и мислењето на неколку експерти од различни области (експерти за безбедност, универзитетски професори правници, информатичари и др.) поврзани со истрагата на СЈО.

Во извештајниот период во рамките на ТВ Дневникот се емитуваа интервјуа со Ламбе Арнаудов од ВМРО Народна партија и Никола Димитров, поранешен амбасадор.

И во овој мониториран период, телевизијата ја задржува практиката да обезбеди две или повеќе гледишта за обработените теми, со снимени изјави или пренесени писмени соопштенија и ставови или толкувања од аналитичари и експерти од соодветните области.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| ТВ 24 вести | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:21 | 5,45 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:25 | 3,03 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:33 | 19,47 | % |
| СДСМ | 00:04:31 | 5,65 | % |
| Други субјекти | 00:21:25 | 26,81 | % |
| Влада на РМ | 00:03:15 | 4,07 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:29 | 10,62 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:40 | 2,09 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:09 | 2,69 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:07:45 | 9,70 | % |
| Унитети | 00:00:51 | 1,06 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:00:15 | 0,31 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:40 | 0,83 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:33 | 1,94 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:22 | 1,71 | % |
| Судство | 00:00:34 | 0,71 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:18 | 0,38 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:26 | 0,54 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:38 | 0,79 | % |
| Беса | 00:01:10 | 1,46 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:33 | 0,69 | % |
| | **Вкупно: 01:19:53** | **100** | **%** |

Најмногу директни обраќања се регистрирани за категориите *Други субјекти* (21 минута и 25 секунди), потоа за *Експерти/аналитичари* (15 минути и 33 секунди), *Граѓански сектор* (8 минути и 29 секунди) и ВМРО НП – Народна партија (7 минути и 45 секунди).

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

***Очи в очи***

Во извештајниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми во информативно контактната програма *Очи в очи* која се емитува секој ден, освен во сабота и во недела:

На 24 октомври 2016 година, во 8 часот и 10 минути се емитуваше репризно издание на емисијата на тема: „Топлик и Тендери – два милиони евра стопени од буџетот на РМ, според СЈО". Додека траеше емисијата, во позадина се емитуваа музичките нумери „Walking on the sun" и „Love me tender", кои медиумот им ги посветил на двата случаја на СЈО.

На 25 октомври 2016 година, со почеток во 8 часот и 7 минути, беше репризното издание на емисијата на тема: „ЗНМ-Нападот на новинарот на Телма е смислен атак врз слободата на медиумите".

Новата емисија емитувана истиот ден, во 16 часот и 18 минути ја отвора темата: „Дали десницата ќе биде поделена? По осум години, Љубе или Љубчо заедно на избори". Репризното издание беше на 26 октомври во 8 часот и 9 минути.

На 26 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 16 минути беше премиерното издание на тема: „Македонија – топ реформатор: подобри сме од Кина и од Германија!" Оваа емисија беше репризирана на 27 октомври 2016 година, во 8 часот и 9 минути.

Во емисијата емитувана на 27 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 16 минути, темата беше: „Слободан Богоевски: Кондоминас го постави Груевски за претседател на ВМРО ДПМНЕ". Репризното издание на емисијата беше емитувано на 28 октомври 2016 година, во 8 часот и 8 минути.

На 28 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 16 минути, гледачите го изразуваа своето мислење на темата: „Испарија 40 печати од ДИК – Дали почнаа предизборните сопки?" Репризното издание на емисијата беше на 31 октомври 2016 година, во 8 часот и 4 минути.

На 31 октомври 2016 година, со почеток во 16 часот и 18 минути беше премиерното издание на тема: „Кој кого бркал и кој од кого бега по сообраќајниот инцидент на Диме Спасов".

***СКУП – Македонија***

На 23 октомври 2016 година, се емитуваше премиерното издание на СКУП – Македонија, емисија реализирана во продукција на Центарот за истражувачко новинарство СКУП Македонија. Автор е Горан Лефков, а темата беше: Финансирањето на политичките партии, корупција, спојување на партиите со државата. Соговорници на темата беа: Академик Абдулменаф Беџети, поранешен лидер на ПДП; Петар Гошев, поранешен лидер на ЛДП; Сашо Ордановски, најавен како борец против корупција; Имер Селмани, поранешен лидер на НДП; Стојан Андов, основач и поранешен лидер на ЛП и Љубчо Георгиевски, лидер на ВМРО – НП. Репризното издание беше емитувано на 30 октомври 2016 година.

***Тренд – економија и бизнис***

На 23 октомври 2016 година, со почеток во 18 часот и 7 минути, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на тема „Дали изборите ќе значат и крај на актуелната политичка криза и што може да се очекува од ова предизборие". Гости беа поранешните пратеници: Јани Макрадули, Ѓулистана Марковска и Абедин Зимбери. Во емисијата е вклучена и снимка од изјавата на Никола Груевски од партискиот собир на ВМРО ДПМНЕ.

На 24 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 53 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Тренд – економија и бизнис* на тема: „Колку и како политичките бомби го разобличија тајниот брак меѓу власта, политиката и бизнисот?" Гости во емисијата беа бизнисмените Ристо Гуштеров, Мендерес Кучи и Фијат Цаноски. Репризните изданија беа емитувани на 25, 26 и 30 октомври 2016 година.

На 31 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Тренд – економија и бизнис* на темите: Тендерски постапки. Што одлучува при тендерскиот избор-цена, квалитет или директни конекции со власта и владејачките структури? Како се добива, а како се губи на државните тендери? Гости во емисијата беа: Драган Малиновски, адвокат и поранешен антикорупционер; Сабина Факиќ, Центар за граѓански комуникации и Фатмир Бутики, Стопанска комора на Северо-Западна Македонија.

*<u>Интервјуа</u>*

***Патот до успехот***

Емисијата „*Патот до успехот*", од 22 октомври 2016 година, беше реприза на интервјуто со бизнисменот Енвер Малики. Истиот ден премиерно е емитувано интервју со Љубомир Чадиковски, поранешен директор на театарот за деца и младинци. Ова издание има 4 репризи, две на 23 и по едно на 25 и на 29 октомври 2016 година. На 29 октомври 2016 година, премиерно е емитувано интервју со професорот и невропсихијатар Витомир Мицев. Ова издание има две репризи на 30 октомври 2016 година.

На 30 октомври 2016 година, емитувано е неделното интервју на Радио Слободна Европа, каде гостин беше Билал Касами, од Беса.

*<u>Дебатни емисии</u>*

***Анализа 24***

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници во студиото, со репризно издание наредниот ден и во текот на викендот.

На 22 и 25 октомври 2016 година, се емитуваше реприза на изданието на емисијата на тема: „Како до независно судство и како да се врати довербата во судството?“ Гости во емисијата беа универзитетските професори Лазар Нанев и Гордана Бужаровска.

На 24 октовмри 2016 година, со почеток во 11 часот и 3 минути, емитувана е реприза на емисијата на тема: „Случувањата во СЈО и истрагата во УБК“. Гости беа Владимир Пивоваров, универзитетски професор и Јован Јоанидис, поранешен обвинител и истражен судија.

На 25 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на тема: „Како ќе издржиме до изборите, на самиот ден на изборите и како ќе продолжиме да живееме после изборите? Толку ли е тешко да останеме нормални или да бидеме нормална држава?“ Гости беа: Алајдин Демири (поранешен амбасадор) и Тони Науновски (универзитетски професор). Репризни изданија имаше на 26 и 27 октомври 2016 година.

На 26 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот и 2 минути, беше емитувано премиерно издание на емисијата на тема „Кој и зошто ја опструира правдата, односно специјалната обвинителка Катица Јанева и судската наредба што ја доби Јанева, зошто никој не одговараше за тоа?“ Гости беа: Виктор Димовски, поранешен директор на Управата за разузнавање; Насер Рауфи, адвокат и Миле Јованов, претседател на Здружението на информатичари и професор на ФИНКИ. Репризи се емитуваа на 27 и 28 октомври 2016 година.

На 27 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата на следнава тема: „Дуинг бизнис“, дали е реалност или статистика на хартија? Гости беа: Горан Теменугов, уредник во ТВ Алсат М; Миљаим Амети, СКСЗМ и Горан Рафајловски, бизнисмен. Репризни изданија имаше на 28 и 31 октомври 2016 година.

На 28 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, емитувано е премиерно издание со следнава тема: „Потребата од отварање на нови универзитети во услови кога во земјава веќе работат 23 државни и приватни универзитети и виши школи“. Гости во емисијата беа универзитетските професори Солза Грчева и Ненад Новковски. Во емисијата беше емитувана и изјава на Азис Положани, ректор на новоотворениот универзитет „Мајка Тереза“. Репризата беше на 29 октомври 2016 година.

***Сектор за програмски работи***